Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-898/2

Дата: ~~05~~ 06.09.2013


Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk


До: Фондација Метаморфозис
Бардил Јашари, директор
Ул. Апостол Гусларот бр.40, 1000, Скопје
Предмет: доствување на информација од јавен карактер
Врска: ваш бр. 08-8/10 од 23.01.2013

Почитувани,

Согласно со вашето барање бр. 08-8/10 од 23.01.2013 за информација од јавен карактер во однос на тоа дали се вопсотавени системи за собирање, третман и за рециклажа на отпад од пакување, батерии и акумулатори и отпад од електрична и електронска опрема и дали истите финкционираат, Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина ве информира за следното:

1. Согласно со Закон за управување со пакување и отпад од пакување, целта е да се да се обезбедат услови за воспоставување на системи за враќање, селектирање, собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на отпадот од пакување. Овие обврски производителите може да ги спроведат самостојно или со склучување на посебен договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со колективен постапувач. Во РМ досега се регистрирани 4 колективни постапувачи за отпад од пакување и од нивна страна е доставен само еден Извештај ( согласно со член Член 27- Обврски за доставување на извештаи. Имено, правното лице за постапување со отпад од пакување ПАКОМАК од Скопје доставија извештај во кој се содржат податоци за отпадот од пакување кој го собирале или преземале во текот на 2011 година, докажаа дека со собирањето, повторната употреба, преработката или отстранувањето најдоцна до крајот на нареднат година се постигнати националните цели

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

утврдени во членот 35 од овој закон и истиот го доставија во законскиот рок (најдоцна до 31 март во тековната година). Стручниот орган го одобри годишниот извештај за Пакомак.
Од другите регистрирани колективни постапуваче се очекуваат Извешати карјот на март, 2013.
Вопсотавувањето на овој систем е во напредна фаза и се развива согласно со очекуваната динамика.

2. Согласно со Законот за Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, член 25 при воспоставувањето на системот за постапување колективниот постапувач се должни да ги обезбедат следниве услови:
а) да им овозможи на крајните корисници да ги исфрлаат преносните отпадни батерии или акумулатори на пристапни собирни места во нивна близина, имајќи ја предвид густината на населението;
б) да ги обврзе поседувачите и трговците кои вршат снабдување со преносните батерии или акумулатори бесплатно да ги земат назад отпадните преносни батерии или акумулатори, со склучување на договори и
в) да не наметнува никаков трошок за крајните корисници кога тие оставаат отпадни преносливи батерии или акумулатори ниту, пак, да создаваат каква било обврска за купување нови батерии или акумулатори.
Во РМ во моментов се лиценцирани два колективни постапувачи за отпадни батерии и акумулатори и до Управта за животна средина доставена е една програма за реинвестирање на средствата (не е законска обврска, но колективниот постапувач „Нула Отпад“ ја достави во знак на транпарентно работење и заедничко злагање за вопсотавување на овој систем).
Вопсотавувањето на овој систем е во почетна фаза, но се развива согласно со очекуваната динамика.

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

3. Законот за управување со отпад од електрична и електронска опрема е објавен во „Сл. Весник на РМ“ бр. 6/12 и се применува од 01.01.2013 година.
   Согласно со овој закон, производителите се должни да се здружат преку основање на и/или склучување на договор со колекетивен постапувач за постапување со отпадна опрема или да се регистрираат како самостојни постапувачи со отпадна опрема најдоцна до 31 декември 2013 година.
   Овој систем суште не е вопсоставен.

   Сите релавантни информации од јавен карактер можете да ги прочитате на следниов линк:

   http://www.moepp.gov.mk/defaultmk.asp?ItemID=FCFA5BC6CD9A544C9815B1F681D46AF6

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ДИРЕКТОР
Игор Трајковски

Изработил: Илбер Шабани
проверил: м-р Валериј Пенев
одобрил: м-р Ана Каранфилова Мазневска